Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх. бр. УП1-15 1247/2024

Дата 08-07-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Илинден ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 122, КО Бунарџик, Општина Илинден.**

- Површината на планскиот опфат за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,23 ха.

- Планскиот опфат се граничи со плански опфат за кој има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Авјатовци, КО Ајватовци, Општина Илинден, со тех. бр. Y06914.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y22524** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 122, КО Бунарџик, Општина Илинден содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

5. **Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23).**

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 122, КО Бунарџик, Општина Илинден, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Илинден, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 61555 од 18.04.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 122, КО Бунарџик, Општина Илинден.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 122, КО Бунарџик, Општина Илинден и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1247/2024 од 17.06.2024 година.

Условите за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 122, КО Бунарџик, Општина Илинден претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Izet Mexhiti**

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk